***З А П И С Н И К***

***од 47-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 29.01.2021 година***

Седницата се одржа во просториите на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар со почеток во 10 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Весна Ориѓанска, Христина Бојаџиева Андреска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски и Марија Кочовска. Од општинската администрација присутни беа Раководителот Влатко Станковски, Марина Поповска, Раководителот Мише Милошевски, Игор Дамјановски, Катерина Радовска. Присутен беше Благоја Шундовски подносител на барање.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Усвојување на Записник од 45 седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 11 „За“ без забелешки.

Усвојување на Записник од 46 седница на Совет на општина Демир Хисар
За записникот забелешки имаше советничката Валентина Ѓорѓиовска во точка 2 во врска со дискусијата за амбициозен Буџетот се однесува на буџетот од пред три години, тука да се стои „Пред 3 години кога се носеше Буџетот, кога се нагласи колку средства ќе одат за капитални инвестиции мислевме дека е амбициозен, дури и преамбициозен Буџетот, соодносот на капитални инвестиции и субвенции не е беше ваков. Сега носиме Буџет каде се планира 15 милиони за субвенции, а 32 милиони се капитални инвестиции“. Други забелешки немаше. За усвојување на записникот со дополнувањето гласаа 11 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година.
2. Донесување на Одлука за поништување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година бр.17-1132/4 од 2020.
3. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година.
4. Донесување на Одлука за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.
5. Донесување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2020 година.
6. Донесување на Одлука за продолжување на воспоставувената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетн вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила-Битола.
7. Донесување на Одлука за давање согласност и отсстапување на правото на утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1)кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, од страна на Општина Демир Хисар во корист на правното лице ,,Македонски Телеком” АД Скопје, ул„Кеј 13 Ноември” бр.6 Скопје.
8. Донесување на Решение за именување на член на УО на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.
9. Донесување на Решение за именување на член на УО на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар.

10. Донесување на Решение за именување на член на УО на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар.
11. Разгледување на Барање од Благоја Шундовски од Демир Хисар.
12. Разгледување на Барање од Методија Јаковлевски од Демир Хисар.
13. Разгледување на Барање од ОО на СБМ Демир Хисар
14. Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проект „Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, општина Демир Хисар.
15. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП бр. 774 КО Суводол, по барање на Љупчо Ѓорѓиовски од Суводол, Демир Хисар.
16. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП.бр.2452, КО Жван по барање на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар.
17. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Благоја Станојоски ја отвори седницата и предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи да се дополни Дневниот ред со уште три точки 14.Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проект „Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, општина Демир Хисар, 15.Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП бр. 774 КО Суводол, по барање на Љупчо Ѓорѓиовски од Суводол, Демир Хисар и 16.Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП.бр.2452, КО Жван по барање на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар. Забелешки немаше. Со 11 „за“ беше усвоен предложениот Дневен ред со дополнувањето.

**ТОЧКА 1. Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година**

За Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Во основа Буџетот кој беше предходно разгледуван треба само да се дополни со неколку измени и тоа во приходниот дел на ставка 741 се зголемува за 600.000 исто и во расходи на ставка 482 се зголемува за 600.000 ова се средства за патот за Сладуево требаше средствата да стигнат пред нова година, но не стигнаа затоа се планирани оваа година и во приход и во расход. Потоа се планира нова сметка за донација за општокорисна работа планирани се 144.000 на ставка 742 како приход и на ставка 425 како расход тоа се за проектот општокорисна работа ангажирани се 4 лица две се платени преку агенцијата 80 % и 20 % ги плаќа општината, а другите две лица целосно ги плаќа општината. Во основниот буџет во програмата МВ има промена ставка 425 се зголемува за 216.000, а се намалува во Е0 ставка 425 договорни услуги рамката останува иста. Потоа во програма ЕА ставката 482 изградба на други објекти се зголемува за 100.000, а во програма Е0 ставката 464 се намалува за 100.000. Овие средства се наменети за плаќање на иконата која е поставена на плоштадот, немаме податок колку точно ќе кошта. Во програма А0 464 разни трансфери планирани се 500.000 сега се зголемува за 18.000, а во програма Е0 ставка 464 се намалува 18.000. Советникот Мишко Поповски праша за лицата ангажирани преку проектот дали станува збор за истите лица или ќе се ангажираат нови. Претставникот Марина Поповска објасни овие лица се ангажирани по училиштата каде има потреба истите лица се или ако откажи некое се ангажира друго лице. Советничката Валентина Ѓорѓиовска побара објаснување за средствата 600.000 за патот за Сладуево. Раководителот Влатко Станковски објасни овие средства требаше да дојдат пред нова година од Бирото за развој, но не стигнаа, затоа треба да ги планираме и како приход и како расход во оваа година. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Буџетот гласаа 5 „за“ и 6 „воздржани“. Не се донесе.

Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни, бидејќи не се донесе Буџетот точките 2 и 3 се беспредметни затоа нема да се расправа по нив. Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна согласно законот за финансирање ако не се донеси буџетот се носи одлука за времено финансирање и таа е составен дел на буџетот, секој месец се врши исплата на 1/12 по позиции како се плаќало предходната година. Раководителот Станковски објасни има промена во законот се зема само првиот квартал. Претставникот Марина Поповска додаде се консултиравме со министерството, од таму ни беше кажано да ја донесиме одлуката за извршување, покасно ни беше кажано да се поништи предходната одлука и да се донеси друга кога ќе се донеси буџетот да бидат со иста дата. Ова е времен буџет.

***ТОЧКА 4. Одлука за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности***

За Одлуката за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 5. Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2020 година***

За Одлуката за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2020 година објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. Дискусија немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 6. Одлука за продолжување на воспоставувената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетн вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила-Битола***

За Одлуката за продолжување на воспоставувената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетн вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила-Битола објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Советникот Драге Пупунчевски забележа Советот секоја година носи одлука, а нема информација што сработил центарот кој е интересот на нашата општина од ова. Раководителот Мише Милошевски се согласи Советот треба да има извештај за сработеното и тоа ќе биди пренесено, ќе побараме извештај како се трошат средствата. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 9 „за" 1 „воздржан" против немаше.

***ТОЧКА 7. Одлука за давање согласност и отсстапување на правото на утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1)кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, од страна на Општина Демир Хисар во корист на правното лице ,,Македонски Телеком" АД Скопје, ул,,Кеј 13 Ноември" бр.6 Скопје***

За Одлуката за давање согласност и отсстапување на правото на утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1)кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, од страна на Општина Демир Хисар во корист на правното лице ,,Македонски Телеком" АД Скопје, ул,,Кеј 13 Ноември" бр.6 Скопје објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 8. Решение за именување на член на УО на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар***

За член на УО на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар, Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Николче Димитријовски ја предложи Менче Наловска од с.Слепче. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 5 „за" 6 „воздржани" против немаше. Не се прифати.

***ТОЧКА 9. Решение за именување на член на УО на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван општина Демир Хисар***

За член на УО на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван општина Демир Хисар, Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Николче Димитријовски го предложи Звонко

Стојковски од с.Жван. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ против немаше. Не се прифати.

***ТОЧКА 10. Решение за именување на член на УО на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар***

За член на УО на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Николче Димитријовски го предложи Узеир Шерифовски од с.Обедник. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ против немаше. Не се прифати.

***ТОЧКА 11. Разгледување на Барање од Благоја Шундовски од Демир Хисар***

Претседателот на Советот Благоја Станојоски му даде збор на подносителот на барањето Благоја Шундовски. Во своето излагање Шундовски најпрво му се заблагодари на советниците за отстапеното место да биди присутен на седницата, потоа му се заблагодари за искажаната чест и доделување на наградата „Животно дело“. Исто така додаде се што имаше да каже и да се обрати до советниците веќе се изјаснил и објаснил. За реализација на овај проект издавање на монографска публикација „БИСЕРНИ ГОДИНИ-ЕСТРАДНИ МАКИ ГОЛЕМИ“ се обратил за помош од општината и Советот, свесен е за исклучително тешката состојба во државата и општината, со сериозноста на состојбата во услови на пандемија, но поради фактот што оваа година се навршува 10 години од смртта на Јане Ангелевски се одлучил барањето иако е поднесено 2020 година да биди разгледано оваа година. Свесен за околностите, но исто така неприродно е да се бара средства од друго место и награда да се добива од друго место. Потоа ги запозна советниците вкупниот буџет за печатење на 300 примероци од книгата е 445.000, веќе е обезбедена донација од 100.000 од печатницата Ќиро Дандарот, и нешто се обезбедени средства од локална компанија. Во материјалите кои се доставени до советниците има финансиски план колку средства се потребни и нивната намена. Планирано е книгата да се испечати до 22 март. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша зошто е важно да биди 22 Март, дали трпи одлагање на тој датум. Благоја Шундовски објасни има симболика, бидејќи на таа дата почина Јане Ангелевски, сакаме да го поврземе материјалот, бидејќи уште кога беше жив беше почнат да се работи овај проект. Доколку не успееме тогаш други датуми би биле 8 Август тоа денот кога е роден Јане Ангелевски, или 8 Септември денот кога е доделена наградата „Животно дело“. Претседателот на Советот се заблагоради на присуството на Благоја Шундовски. Советникот Мишко Поповски констатира во барањето е наведено вкупна сума за реализација на овај проект е 445.000, сопствено учетсво има 15.000. Советничката Весна Ориѓанска додаде издавање на книга е скапа работа и затоа не секој се одлучува на тој чекор. Колку труд треба да се вложи за да се напише едно дело, при одлучувањето треба да се земат повеќе фактори во предвид без разлика што се наоѓаме во ваква состојба. Треба и општината да даде свој придонес. Претседателот на Советот Благоја Станојоски истакна подносителот има доставно две барања едно до Советот со кое бара 120.000 и едно до градоначалникот каде бара 60.000. Кога имаме вакви барања пред седницата се консултирам со градоначалникот колку е можноста на општината да обезбеди средства. Градоначалникот рече дека можи да се обезбедат 70-80 иљјади вкупно за двете барања, толку се можностите на општината има и други барања, сега е почеток на година поради финансиската состојба на општината исто нема донесено и буџет, можеме и повеќе средства да одобриме ако нема пари нема да се исплатат. Предлог е да се определат 70.000 за двете барања заедно. Советникот Мишко Поповски додаде ние можеме да донесеме одлука за исплата на 70.000 од Совет, а градоначалникот ако има можност можи да исплати средства и по барањето кое

доставено до него.  Други предлози немаше. За предлогот да се одобрат 70.000 гласаа 10 „за“ 1 „против“.

***ТОЧКА 12. Разгледување на Барање од Методија Јаковлевски од Демир Хисар***

Во врска со барањето од Методија Јаковлевски од Демир Хисар Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни семејството се наоѓа во тешка финансиска состојба поради големите трошоци што ги има за лекување на Методија од ковид вирусот. Исто и за ова барање е направена консултација со градоначалникот, предлог е 60.000 денари. Советникот Драге Пупунчевски забележа за печањето на книга се дава 70.000, а овде за здравје се работи само 60.000. Советничката Христина Бојаџиева Андреска рече тоа се малку пари семејството има над 20.000 евра трошок за лекување да не е испод 100.000. Советникот Мишко Поповски додаде и предходно разговаравме сега е тешка состојбата за вакви барања треба да се помага друго можи и да се одложи ако нема средства. Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде во една прилика советникот Драге Пупунчевски убаво кажа, но не го ценевме тоа. И да сакаме да помогнеме не ќе можиме. Советникот Мишко Поповски додаде можи една година да не се исплаќаат еднократна парична помош, за да може да се помага во вакви моменти каде поради здравствени проблеми од ковид вирусот семејството е  во сотојба на социјален ризик. Затоа предложи да се донеси одлука да му се одобрат 120.000 денари. Други предлози немаше. За предлогот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Разгледување на Барање од ОО на СБМ Демир Хисар***

Претседателот на Советот Благоја Станојоски истакна до Советот има поднесено барање од општинската организација на сојузот на борците Демир Хисар за одобрување на 50.000 денари за реализација на програмата доставена е и програмата. Со оглед на финансиската состојба на општината од консултации со градоначалникот предложи 30.000 е во можност општината да обезбеди. Советникот Мишко Поповски предложи носител на овие активности кои се наведни во програмата на ОО на СБМ треба  да биди општината. Бидејќи немаше други предлози предлогот за 30.000 беше ставен на гласање. За предлогот гласаа 7 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 14. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проект „Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, општина Демир Хисар“***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проект „Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, општина Демир Хисар“ објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Овај проект планиран со програмата, проектот е готов, се работи за реконструкција на водоводна мрежа во с.Слепче има големи загуби на вода и има други проблеми со водоводот. Општината има сопствено учетво од 10 %. Советникот Драге Пупунчевски праша дали ова е истиот проект кој беше стопиран. Раководителот Мише Милошевски објасни не беше стопиран, беше работен предходната година имаше некој административни проблеми сега е средено останува да се обезбеди одобрение за градба и предходно дозвола за користење на вода, ни беше посочено оваа дозвола да ја обезбеди општината, односно ЈКП „Комуналец“ . Побаравме да се даде приорите на овај проект, бидејќи сега се врши реновирање на постоечката мрежа, а проектот го работеше „ЈКП „Комуналец“. Со овај проект можи да аплицира и општината и ЈКП „Комуналец“ како партнер. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 15. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП бр. 774 КО Суводол, по барање на Љупчо Ѓорѓиовски од Суводол, Демир Хисар***

За Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП бр. 774 КО Суводол, по барање на Љупчо Ѓорѓиовски од Суводол, Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 16. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП.бр.2452, КО Жван по барање на ЈЗУ „Здравствен дом" Демир Хисар***

За Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП.бр.2452, КО Жван по барање на ЈЗУ „Здравствен дом" Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 17. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 251/2** **Совет на Општина Демир Хисар**
**12.03 .2021 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Благоја Станојоски с.р.**